Прилог бр.3		Предметна програма од трет циклус на студии
1.	Наслов на наставниот предмет	ХИРУРШКИ АСПЕКТИ НА ИМЕДИЈАТНА И МЕДИЈАТНА ПОСТАВА НА ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ
2.	Код	ДСИМ1
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за Имплантологија

5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Пеева-Петреска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е сеопфатно запознавање на студентите со начините и постапките на имедијатно и одложено поставување на денталните импланти во виличните коски, планирањето и дијагностичките специфики, клиничката процена, како и хируршкиот пристап и третман. Студентот се стекнува со знаење и компетенција да го планира имплантниот третман согласно општите и локалните услови за имедијатен или одложен пристап на имплантирање и да ги менаџира евентуалните компликации			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје - -Анатомоморфолошки карактеристики на коскениот фундамент во двете вилици, класификација на резидуалниот алвеоларен гребен со квантитативна и квалитативна анализа, евалуација на атрофичните промени и патолошките лезии на виличните коски (5 часа) *Резултати од 1 поглавје:* Студентот ќе го продлабочи знаењето на анатомските карактеристики и услови во беззабите простори кои се места за потенцијална имплантна терапија, со што ќе може правилно да го планира имплантниот третман, согласно современите класификации 2.Поглавје - - Индикации и контраиндикации за непосредно и одложено имплантирање од општ и локален карактер, ризик фактори и неповолни вилични услови (5 часа) *Резултати од 2 поглавје:* Селекција на пациентите за имплантна терапија без ризик за компликации од општ и локален карактер, е првиот и најважен чекор за успешна постава на импланти, со што студентот ќе може компетентно да ги селектира овие пациенти. 3.Поглавје - - Клинички презентации и диференцијална дијагностика за дефинирање на различни модалитети во терапискиот приод во решавањето на парцијалната и тоталната анодонција - Предности и недостатоци на имедијатното и медијатното имплантирање. - Демонстрација на методологијата и техниките во хируршкиот пристап при имедијатното и медијатното имплантирање (15 часа) *Резултати од 3 поглавје:* Студентот ги учи хируршките техники на имедијатната и медијатната имплантација кои имаат различна методологија на работа и се од посебно значење во однос на постигнување на примарната стабилност на имплантите. Студентот се здобива со компетенции врз основа на клинички и радиолошки параметри да диференцира која метода на имплантирање ќе ја примени согласно протоколите.			

		4. Поглавје- Употреба на коскени графтови и супституенти во оралната имплантологија за аугментација на дефицитни гребени, - Принципи и техники на работа со биоматеријали, автологни коскени и крвни деривати, употреба на бариерни мембрани, - Превенција и менаџирање на интра и постоперативните комплакации при употреба на коскени графтови при имедијатна и медијатна постапка на имплантирање (15 часа) *Резултати од 4 поглавје:* Студентот ќе се здобие со знаења за индикациите, начинот на употреба и техниките на коскена аугментација во склоп на имплантолошките интервенции. При тоа ќе го научи принципот за избор на најсоодветен материјал и постапка за локално зголемување на алвеоларниот гребен, без кои не може да се изведува имплантна хирургија, со осврт на компликациите кои може да се случат при неправилна техника или избор на материјал за аугментација 5. Поглавје- Подготовка за самостојни истражувања од областа Евалуација на рандомизирани контролирани клинички испитувања, мета-анализи и други релевантни научни бази, анализа на докази од in vitro и in vivo студии и подготовка за научни истражувања (5 часа) *Резултати од 5 поглавје:* Оспособување на студентот за научна работа преку анализа на научни трудови со развивање на критичко мислење и можност за темелно и правилно планирање и изведба на истражувања. Вкупно.....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Биолошки концепти на осеинтеграција и начини на современа модификација на имплантни површини, биоматеријали за изработка на импланти, макродизајн и микротопографија на имплантни површини		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		
19	Начин на оценување			

	19.1.	Тестови: бодови		40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20
	19.3.	Завршен испит: бодови		40
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација од страна на студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.	

22. Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Carl E. Misch	Contemporary implant dentistry	Mosby	2008
2.	Carl E,Misch	Avoiding Complications in Oral Implantology	Elsevier	2017
3.	Steven J Sadowsky	Evidence-based Implant Treatment Planning and Clinical Protocols	John Wiley & Sons, Inc.	2016
4.	Пеева- Петреска М.,ВелескаСтевковска Д.,Пешевска С..	Дентална имплантологија,	Стоматолошки факултет, Скопје	2013

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Louie Al -Frarje	Oral Implantology Surgical Procedures Checklist	Quintessence	2018
2.				
3.				